МАКПЕТРОЛ



# ЕТИЧКИ КОДЕКС

НА

## МАКПЕТРОЛ

АД СКОПЈЕ

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

НА

**МАКПЕТРОЛ**

АД СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

Стр.


1. ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР ..................5
   1.1 Цел на Кодексот на етичко однесување ..................6
   1.2 Генерални бизнис-принципи на „Макпетрол" А.Д..................8

2. ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА ..................10

3. ВРАБОТЕНИ ..................12
   3.1 Еднакви можности ..................12
   3.2 Фер третман на сите вработени ..................13
   3.3 Мобинг ..................14
   3.4 Тајност и доверливост на информациите на вработените ..................14
   3.5 Заштита на приватноста и на личните податоци ..................15
   3.6 Деловни комуникации ..................15
   3.7 Изглед и однесување на вработените на работните места ..................17
   3.8 Интерна комуникација ..................17

4. ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ И РАБОТА СО ДОБАВУВАЧИ ..................19
   4.1 Добивање и давање подароци и гостопримство ..................20
   4.2 Судир на интереси ..................21
   4.3 Антимонопол и конкуренција ..................22
   4.4 Перење пари ..................23

5. ВЛАДА И ЗАЕДНИЦАТА ..................25
   5.1 Поткуп и корупција ..................25
   5.2 Обврски кон општеството ..................26
   5.3 Комуникација со јавноста ..................27
   5.4 Социјални медиуми ..................27
   5.5 Политички активности ..................28

6. ИМОТ НА КОМПАНИЈАТА И ФИНАНСИСКИ ИНТЕГРИТЕТ ..................29
   6.1 Точни и комплетни податоци, записи, известување и книговодство ..................29
   6.2 Заштита на имотот на „Макпетрол" А.Д. ..................30
   6.3 Заштита на правата од индустриска сопственост, авторските права и доверливи информации ..................31
   6.4 Инсајдерско работење ..................32

7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..................34

## ПОРАКА ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МАКПЕТРОЛ" А.Д.

Почитувани колеги,

Кога ќе погледнеме station наназад, многу работи во „Макпетрол" А.Д. се изменети, но сепак, многу работи останаа исти: искреноста и интегритетот, почитта кон поединецот, нашата услуга кон нашите клиенти, како и нашата грижа за општеството во кое работиме и опстојуваме.

Овие вредности се во основата на целокупното деловно работење на „Макпетрол" А.Д.

Повеќе од кога и да е, ние мора да ги правиме вистинските работи на вистински начин, притоа однесувајќи се кон другите онака како што ние сакаме да се однесуваат кон нас.

Како компанија и како поединци, ние мора да бидеме пример на другите.

Поради тоа, неопходно е сите вие, без разлика на кое работно место да се наоѓате, да ги знаете, разберете и да ги применувате генералните принципи и стандарди на однесување, во својата секојдневна работа, со цел да останеме верни на нашите обврски кон клиентите, деловните партнери, инвеститорите и општеството воопшто.

Овој кодекс на етичко однесување е базиран врз основа на нашето убедување и вредности, и врз база на примена на принципите и стандардите кои не водат во секојдневното деловно работење.

Нашата репутација и нашите идни успеси не зависат само од тоа дали ќе работиме според пропишаните законски барања, туку и дали постапуваме според највисоките етички принципи и стандарди. Реномето во однос на интегритетот е од непроценлива вредност и зависи од секој од нас.

**Претседател на Управен одбор на „Макпетрол" А.Д.**

**Андреја Јосифовски**

## 1.1. ЦЕЛ НА КОДЕКСОТ ЗА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

### 1.1.1 ЗОШТО НА „МАКПЕТРОЛ" А.Д. МУ Е ПОТРЕБЕН КОДЕКС НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Најдобрите компании се најдобри затоа што истите ги поставуваат стандардите на работењето и се однесуваат на начин којшто другите компании се стремат да го постигнат. За нив е јасно во што веруваат и што сакаат да постигнат. Во однос на овие критериуми „Макпетрол" А.Д. отсекогаш била водечка компанија, но бизнис-околината во која работиме многу брзо се менува последниве години, како во однос на барањата од аспект на законската регулатива, така и од апсект на барањата за постигнување на сè повисоки стандарди во работењето.

Поради горенаведеното, неопходно е да се изврши усогласување на однесувањето на вработените со веќе усвоените принципи и стандарди.

Не треба само да бидеме сигурни дека работиме во согласност со соодветната законска регулатива, туку да бидеме сигурни дека нашето однесување е во согласност со основните вредности - искреноста, интегритетот, како и почитта кон луѓето.

### 1.1.2 ШТО Е КОДЕКС НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Овој кодекс на етичко однесување ги разјаснува основните правила, стандарди и однесување што се неопходни за да ги постигнеме поставените цели и истиот, како еден основен документ за сите вработени, ги дава барањата и насоките на еден јасен и конзистентен начин.

Кодексот претставува основен водич за однесување на вработените, кој во склоп со почитувањето на законските регулативи го гради позитивниот углед на нашата Компанија.

Кодексот е референтна алатка која ни помага на сите нас да работиме со интегритет, преку преиспитување на деловните ситуации во кои ќе се најдеме.

### 1.1.3 ШТО ОПФАЌА КОДЕКСОТ НА ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Овој кодекс на етичко однесување детално ги опфаќа сите барања на нашите генерални деловни принципи.

Овој кодекс не дава детални објаснувања за усогласување на Вашата работа со позитивната законска регулатива.

Како вработени во „Макпетрол" А.Д. имате обврска да го усогласите работењето со законската регулатива што се однесува на Вашиот делокруг на работење.

Овој кодекс на етичко однесување не дава исцрпни информации за секој одделен стандард или политика на „Макпетрол” А.Д.

Како вработени во „Макпетрол” А.Д., Вие сте одговорни да ја усогласите Вашата работа со стандардите и со политиката што се однесуваат на Вашиот делокруг на работење.

Со овој кодекс на етичко однесување само се олеснува, но не се исклучува потребата од правилно соодветно расудување на сите нас.

Сите ние, вработените во „Макпетрол” А.Д. имаме одговорност да работиме и правилно да расудуваме во рамките на законот.

### 1.1.4 КОЈ МОРА ДА ГО СЛЕДИ ОВОЈ КОДЕКС

Сите вработени во „Макпетрол” А.Д. мора да го почитуваат и да се однесуваат во согласност со Кодексот.

Одговорност на секој вработен е да го познава, да го применува Кодексот и да ја разбере неговата содржина, затоа што Кодексот е тој кој ни помага да преземеме правилни активности во извршување на секојдневните работни задачи.

„Макпетрол” А.Д. ќе го применува овој кодекс во сите заеднички активности каде што „Макпетрол” А.Д. се јавува како носител на работата.

### 1.1.5 КАДЕ ТРЕБА ВИЕ ДА ПРИЈАВИТЕ ПРЕКРШУВАЊЕ НА ОВОЈ КОДЕКС

Ако видите дека одредбите од овој Кодекс биле прекршени или не се почитуваат, Вие сте одговорни да поднесете пријава до Секторот за Внатрешна контрола при Дирекцијата за човечки ресурси и внатрешна контрола.

Доколку се докаже дека наводите во пријавата се неточни, нема да се поведе постапка за повреда на работните обврски и на работниот ред и дисциплина против вработените кои поднеле пријава за прекршување на овој Кодекс, ниту ќе бидат дискриминирани, под услов да делувале без зла намера.

Непочитување на Кодексот, односно неетичкото однесување на кој било вработен во „Макпетрол“ АД Скопје, нема да се толерира.

Истото претставува повреда на работниот ред и дисциплина и ќе биде санкционирано, а со цел да се спречи појава на слични настани во иднина.

За начинот на поведување, водење и за одлучување по поднесена Пријава за прекршување и непочитување на овој кодекс ќе се применуваат одредбите од постапката при повреда на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, предвидени во членовите 85, 86, 87 и 88 од Колективниот договор за уредување на правата, обврските и одговорностите на работниците и „Макпетрол” А.Д. Скопје, бр. 0307-511/2 од 07.12.2021 година.

## 1.2 ГЕНЕРАЛНИ БИЗНИС-ПРИНЦИПИ НА „МАКПЕТРОЛ” А.Д.

### 1.2.1. ОСНОВНИ ВРЕДНОСТИ

Вработените во „Макпетрол” А.Д. ги поседуваат основните вредности што треба да ги има секој човек - искреност, интегритет и почит кон луѓето.

Ние, исто така, во темелите на нашето работење ги поставуваме вистинитоста, отвореноста, тимската работа и професионализмот, преку промовирање на стимулирачка и недискриминаторна работна средина за сите вработени и за деловните партнери.

### 1.2.2. ОДГОВОРНОСТИ/ПРИОРИТЕТИ

„Макпетрол” А.Д. ја одржува довербата во нашите односи со засегнатите лица како што се акционерите, купувачите, вработените, деловните партнери и општеството во целина и токму редовната комуникација помеѓу нив може да му помогне на менаџментот да ги разбере нивните ставови и проблеми и да најде начини за нивно решавање во заеднички интерес, со цел континуирано да ги дефинира приоритетите, и според потреба, да ги менува.

**Кон акционерите**

Да ги заштити инвестициите на акционерите, и да обезбеди истите да бидат долгорочно профитабилни.

**Кон купувачите**

Да придобие нови купувачи и истовремено да ги одржува постојните преку обезбедување производи и услуги што ги задоволуваат нивните барања во однос на квалитетот, цената, безбедноста и животната средина.

**Кон вработените**

Почитување на човековите права на нашите вработени и обезбедување стимулирачка, креативна и безбедна работна средина, креирање добри и безбедни услови за работа, каде што секој вработен ќе има еднакви можности за развој на своите вештини и талент.

**Кон деловните партнери**

Создавање деловни врски што ќе носат заемна корист како на „Макпетрол" А.Д. така и на деловните партнери.

**Кон општеството**

Одржување на бизнисот во рамките на доброто корпоративно управување, во согласност со соодветните закони и регулативи (интерните акти на Компанијата) притоа почитувајќи ги основните човекови права и заштита на животната средина.

### 1.2.3 ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Во основните принципи на нашето работење е да придонесеме за одржливиот развој во целина. Ова го правиме со балансирање на краткорочните и на долгорочните интереси и со носењето на деловните одлуки, ги земаме предвид и ги интегрираме економските, социјалните аспекти и аспектите на животната средина.

# 2 ЗДРАВЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Еден од фундаменталните деловни принципи на „Макпетрол” А.Д. е постигнување успех во сите деловни активности на своето работење, а притоа максимално водејќи грижа за здравјето, безбедноста, како и за заштитата на животната средина.

„Макпетрол” А.Д. континуирано настојува да овозможи безбедни услови за работа, во кои се елиминирани појавите на можни ризици од кој било вид.

Ние знаеме дека безбедното работење не зависи само од технички исправната опрема туку и од компетентните луѓе и од соодветната култура на однесување кон безбедноста.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Работете според соодветните закони, релевантните стандарди и процедури;
- Престанете да ја извршувате работата што станува небезбедна;
- Работете ја само онаа работа за која сте обучени и компетентни;
- Бидете сигурни дека соодветно ги чувате и соодветно и безбедно ги распоредувате опасните материи;
- Користете ја опремата за лична заштита што се бара од Вас за Вашето работно место;
- Бидете сигурни дека ги познавате чекорите што треба да ги преземете на Вашето работно место во случај на вонредна ситуација;
- Следете ги постапките за известување во случај на повреди, несоодветни и небезбедни услови на работа или на кој било вид загрозување на животната средина;
- Побарајте совет и помош секогаш кога нешто не Ви е јасно за обврските што произлегуваат од законите и од интерните процедури, а што се однесуваат на здравјето, безбедноста и на животната средина.

**НИКОГАШ**

- Не работете кога сте под дејство на алкохол, дрога или други опојни средства;

- Не поседувајте или не учествувајте во пренос на дрога или други опојни средства во просториите на Компанијата и надвор од работното време;

- Не служете се со закани или со друг вид насилство на работното место, не носете каков било вид оружје, вклучувајќи го и спортското оружје, во просториите на Компанијата.

# 3 ВРАБОТЕНИ

Во своето работење, „Макпетрол" А.Д. настојува да изгради стимулирачка и креативна работна средина што е безбедна, составена од професионалци, кои во своето работење се потпираат врз тимска работа и доверба. „Макпетрол" А.Д.-Скопје  ги вработува и ги унапредува вработените врз основа на потребните квалификации и способности за работата без дискриминација, врз основа на расата, вероисповеста, националноста, бојата на кожата, полот, возраста, брачниот статус. Секој еден кој работи за „Макпетрол" А.Д. придонесува за нашиот успех и за креирање на респектабилна компанија. Работејќи заедно, ние создаваме нови можности за нашиот бизнис.

Ние сме обврзани да креираме работна средина, заснована врз меѓусебна доверба, во која секој кој работи за „Макпетрол" А.Д. ќе биде третиран со почит и достоинство.

Преку јасно дефинирани и конзистентно применливи стандарди и преку изграден систем на управување, „Макпетрол" А.Д. обезбедува еднакви можности за сите вработени.

## 3.1 ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Основни правила што мора да ги почитувате

**СЕКОГАШ**

- Демонстрирајте почит и коректност во Вашата интеракција со вработените и надворешните лица, согласно со основните принципи на деловното работење на „Макпетрол" А.Д.;

- Вашите одлуки, во однос на избор на нововработени, селектирање, развој и унапредување на вработените секогаш треба да бидат засновани врз база на квалификациите, демонстрираните вештини и постигнувањата на вработениот, без дискриминација заснована врз расата, вероисповедта, националноста, бојата на кожата, полот, возраста, брачниот статус;

- Следете ја законската регулатива што се однесува на работните односи, како и законската регулатива и интерните акти и процедури што се однесуваат на Вашето работно место;

**НИКОГАШ**

- Не толерирајте незаконска дискриминација од кој било вид.

## 3.2 ФЕР ТРЕТМАН НА СИТЕ ВРАБОТЕНИ

„Макпетрол" А.Д. настојува да му обезбеди на секој вработен фер третман и почит, за што спроведува политика на еднакви можности и на еднаков третман за сите, создавајќи работна атмосфера во која секој поединец има можност да ги покаже своите вредности и со тоа да придонесе за поголем колективен успех.

Нема да се толерира никаков облик на вознемирување, дискриминација и омаловажување на работното место кон вработените, добавувачите, купувачите и другите, кое може негативно да влијаат врз нечие достоинство.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Креирајте работна средина што ќе биде ослободена од какви било активности што може да предизвикаат вознемирување на работното место, иритирачка и непријатна работна атмосфера;

- Прво обидете се да го решите настанатиот проблем преку разговор и анализирање на проблемите.

**НИКОГАШ**

- Не впуштајте се во работи што може да бидат окарактеризирани како напад, застрашување, злонамерна постапка или навреда;

- Не злоупотребувајте ги личните информации што ги знаете;

- Не правете шеги или навреди врз основа на лична карактеристика, етничка и религиозна припадност;

- Не објавувајте злонамерни гласини (новости) или не користите ги електронските уреди или електронската пошта за пренос на навредливи или дискриминаторни информации;

- Не користете ги средствата за електронска комуникација за остварување на сопствена добивка или за каква било нелегална или криминална активност.

## 3.3 МОБИНГ

Мобингот може да се препознае во облик на психичко и полово вознемирување.

Психичко вознемирување на работното место е секое негативно однесување на поединец или на група што често се повторува, а претставува повреда на достоинството, угледот и на честа на вработениот и предизвикува страв или создавање непријателско, понижувачко или навредливо однесување. Се забранува каква било форма на мобинг, без разлика на позицијата и на функцијата што ја извршува лицето што го врши мобингот.

Секој вработен има право да работи во средина без присуство на каков било вид мобинг.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Однесувајте се достоинствено и одговорно кон сите поединци со кои соработувате.

**НИКОГАШ**

- Не исмевајте ги, не понижувајте ги и не навредувајте ги колегите.
- Не здружувајте се со други колеги со цел да вознемирувате поединци или групи колеги.
- Не бидете физички агресивни кон другите.
- Не споделувајте несоодветни слики или текстови во контекст на сексуално вознемирување.
- Не инсистирајте и не уценувајте вработен со сексуална услуга.

## 3.4 ТАЈНОСТ И ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

„Макпетрол" А.Д. континуирано настојува да обезбеди тајност и доверливост на податоците што ги имаат вработените, а што се однесуваат само на работењето на Компанијата.

Основни правила што мора да ги почитувате:

- Почитувајте го принципот на деловна тајна, доверливост и заштита на податоците со кои располагате;

- Пристапот до личните податоци, вклучувајќи ја и платата, е исклучиво лимитиран на лицата од Компанијата кои имаат соодветно овластување за тоа и поради јасно дефинирана деловна потреба од информацијата;

- Оние кои имаат пристап до личните податоци на вработените мора истите да ги користат исклучиво за оние цели за кои се барани, и при нивното користење да се запазат највисоките стандарди на тајност и доверливост, согласно со Законот за заштита на лични податоци;

- Никогаш не давајте ги личните податоци на вработените, и на кое било лице внатре или надвор од „Макпетрол" А.Д., без претходно добиено овластување;

- Личните податоци не смее да бидат задржани подолго од времето што е определено со овластувањето што е дадено.

## 3.5 ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА И НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

„Макпетрол" А.Д во целост ги почитува законите и подзаконските акти за заштита на приватноста и на личните податоци, на вработените, клиентите, акционерите, на деловните партнери, со кои е утврдено, како одговорно да се прибавуваат, чуваат, користат, споделуваат, пренесуваат и да се уништуваат личните податоци.

Вработените се должни да ги познаваат и да ги почитуваат тие закони, подзаконски акти и донесените интерни акти секаде каде што ги извршуваат своите активности, затоа што заштитата на приватноста и на личните податоци е од клучна важност, особено со оглед на развојот на комуникациските и информатичките технологии.

Прибирањето, користењето, откривањето, и складирањето на личните податоци треба да биде законски засновано и минимално, односно само онолку колку што е потребно за постигнување на легитимната цел, согласно националното законодавство.

## 3.6 ДЕЛОВНИ КОМУНИКАЦИИ

Од секој вработен во „Макпетрол" А.Д. се бара да внимава во секаков вид комуникација, односно формална или неформална, во пишана форма, електронска комуникација или вербална комуникација.

. Неточните или несоодветните информации во комуникацијата може да создадат сериозни обврски и соодветен ризик по работењето на Компанијата.

Основни правила што мора да ги почитувате

**СЕКОГАШ**

- Прашајте се дали е потребно токму Вие да ја остварите комуникацијата и кој е најсоодветниот начин на комуницирање;
- Бидете внимателни при пишувањето;
- Размислете добро пред да го пратите дописот;
- Проверете дали сте овластени за создавање посебни обврски за Компанијата;
- Бидете сигурни дека Вашата писмена комуникација содржи јасно изразени потребни податоци за Компанијата како што се: логото на Компанијата, името на Компанијата, адресата, како и сите потребни податоци за контакт;
- Побарајте правно мислење за да го избегнете неочекуваното создавање законска обврска кога дискусиите или преговорите траат подолг временски период;
- Бидете сигурни дека Вашиот компјутер е заштитен со соодветен антивирус програм, особено кога сте поврзани на интернет.
- Бидете сигурни дека само Вие имате пристап до употреба на податоци во Вашиот компјутер.

**НИКОГАШ**

- Не пишувајте шпекулативни мислења;
- Не давајте погрешни импресии на компанијата со која комуницирате;
- Не правете шеги од сериозни работи или од чувствителни и доверливи работи;
- Не носете генерални одлуки за компании за кои не работите , освен кон компанијата за која работите, однесувајте се со почит и кон секоја друга компанија;
- Не праќајте лични електронски пораки со логото и со генералиите на „Макпетрол” А.Д.;

- Не користете го електронскиот комуникациски систем на Компанијата за пренос, без овластување за: доверливи податоци за поединци, доверливи информации за Компанијата, авторски права или лиценцирани материјали;

- Не праќајте, по е-пошта или по пошта, материјали што промовираат насилство, тероризам или нетолерантност кон другите.

## 3.7 ИЗГЛЕД И ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА

Сликата што се создава за „Макпетрол" А.Д. зависи од изгледот и од однесувањето на вработените на работното место, заради што е потребно вработените на работното место секогаш да изгледаат деловно.

Основни правила што мора да ги почитувате:

Вработените во „Макпетрол" А.Д. треба професионално да дејствуваат и да ги извршуваат работните задачи, при што нивното дејствување да нема форма на приватност, да биде во рамките на службеноста и во корист на сите вработени во Компанијата.

Сето ова ќе се постигне доколку Вие културно се однесувате и имате позитивен став кон луѓето и кон средината во која работите. Убавиот збор и коректниот однос кон колегите и странките, насмевката и љубезното однесување се основните карактеристики што мора да ги поседувате.

Културното однесување треба да биде професионална обврска на сите вас, особено на оние кои секојдневно контактираат со странки.

Сите вработени треба да ги почитуваат основните принципи и начела на однесување пропишани во Правилникот за деловно однесување и облекување на вработените во „Макпетрол" А.Д., чиешто непридржување претставува повреда на работните обврски и на работниот ред и дисциплина.

## 3.8 ИНТЕРНА КОМУНИКАЦИЈА

Комуникацијата и споделувањето информации, идеи и знаења меѓу вработените во Компанијата треба да биде професионална, учтива, ефикасна и навремена, со почит кон другиот, со цел да се обезбеди соодветно менаџиран процес на пренесување на информации помеѓу работните единици во „Макпетрол" А.Д.

Интерната комуникација е важен сегмент во зголемување на ефикасноста на секојдневното работење и за обезбедување ефективен Интегриран менаџмент систем и истата се реализира преку повеќе комуникациски процеси, чија ефикасност се оценува редовно.

Ефективната интерна комуникација ја зголемува мотивацијата на вработените, а со тоа влијае врз продуктивноста.

Се очекува сите вработени да го почитуваат Работното упатство за интерна комуникација на „Макпетрол“ А.Д. и сите интерни акти на Компанијата.

# 4 ДЕЛОВНИ ПАРТНЕРИ И РАБОТА СО ДОБАВУВАЧИ

„Макпетрол" А.Д. секогаш ја базира основата на својот успех врз деловни врски што почиваат врз доверба и заемно помагање, од кои и двете страни имаат бенефит. Ние ќе настојуваме да креираме меѓусебно помагање преку разбирањето на потребите на нашите купувачи, добавувачи, притоа, раководејќи се самите од принципите на искреност, одговорност и правичност.

Добавувачите на „Макпетрол" А.Д. имаат значајна улога во однос на нашата способност за обезбедување услуги и производи за потребите на нашите купувачи. Затоа ние мора внимателно да ги избираме нашите добавувачи, врз база на нивните вредности, и со барање истите да работат во согласност со нашите етички стандарди.

Преку секојдневната комуникација со добавувачите, која се одвива редовно во зависност од барањата и во однос на презентацијата на комерцијалните услови и склучувањето и реализацијата на договорите, заеднички ги прилагодуваме производите и услугите, на начин со кој го олеснуваме водењето на нивните бизниси и привлекуваме нови купувачи.

Преку континуирана соработка градиме поголема доверба кај добавувачите, го подобруваме нашето разбирање за нивните потреби и проблеми и го зајакнуваме и го продлабочуваме нашето партнерство.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Избирајте ги добавувачите врз основа на нивните вредности, избегнувајќи ги судирите на интереси, несоодветните подароци и гостопримствата или кој било вид фаворизирање што може да ја компромитира селекцијата;

- Договарајте бизнис со добавувачи кои се во согласност со законските барања и кои работат на начин што е конзистентен со работата на „Макпетрол" А.Д. и со основните принципи наведени во овој Кодекс;

- Помогнете им на нашите добавувачи да ги разберат услугите на „Макпетрол" А.Д., како и нашите етички барања;

- Не давајте им на добавувачите доверливи деловни информации.

- Во комуникацијата со деловните партнери, секогаш раководете се на добрите практики од овој Кодекс.

## 4.1 ДОБИВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОДАРОЦИ И ГОСТОПРИМСТВО

Добивањето и давањето подароци, погодности и гостопримството, доколку се со соодветна вредност може да придонесат во градењето на добри деловни врски. Подароците или гостопримството никогаш не смее да имаат влијание врз процесот на носење одлуки.

Во „Макпетрол“ А.Д, даваме или примаме симболични подароци/гостопримства, кога се работи за деловна учтивост и никогаш со намера противзаконски да се влијае врз процесот на донесување одлуки.

Подароците и гостопримството се обезбедуваат без да се очекува ништо за возврат и никогаш не влијаат, ниту се очекува да влијаат врз непристрасното одлучување на која било личност. Тие никогаш не смеат да бидат понудени или примени во замена за поволна позиција во секоја деловна трансакција.

Ако подарокот не може да се одбие поради учтивост или од практични причини (на пример, тој е веќе доставен и не може да се врати на соодветен начин), вработениот кој го примил подарокот мора да одлучи дали ќе дозволи подарокот да се чува или да го даде во добротворни цели или за благосостојбата на заедницата.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Бидете свесни за потенцијалните судири на интереси доколку прифатите некој подарок или гостопримство;

- Користете аргументирани проценки за тоа што е прифатливо;

- Разјаснете ги сите работи во врска со давањето и примањето подароци и гостопримството, пред започнувањето на секој бизнис;

- Подароците и гостопримството секогаш давајте ги во согласност со соодветната законска регулатива и дефинираната политика.

- Подароците кои Ви се даваат во знак на учтивост треба да имаат номинална вредност, да се дозволени со закон и да не го нарушуваат угледот и интегритетот на Компанијата.

**НИКОГАШ**

- Не прифаќајте подароци во вид на пари;

- Не барајте подароци или услуги од кој било вид;

- Не прифаќајте каков било подарок или гостопримство што може да биде нелегално;

- Не прифаќајте подароци или услуги од инволвирани страни во тендер и во друга постапка на конкурирање.

## 4.2 СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Судирот на интереси е ситуација која претставува ризик дека личниот интерес ќе се помеша или изгледа дека се помешал со легитимниот бизнис интерес на „Макпетрол" А.Д. кој може да ја разниша довербата во Друштвото.

„Макпетрол" А.Д. е посветен на проактивно детектирање и откривање на ситуации во кои постои судир на интереси и обезбедува мерки за нивно елиминирање или намалување.

Постојните судири мора да бидат потенцирани, а потенцијалните судири мора да бидат наведени, запишани и решени.

За да се спречи судирот на интереси, секој вработен мора да биде свесен и да примени соодветно однесување во ситуации во кои објективноста на неговата бизнис- одлука може да биде намалена.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Одржувајте ги врските со поддоговарачите и добавувачите на професионален и непристрасен начин;

- Бидете свесни дека прифаќањето на која било понуда за работа, консултантски услуги од добавувачите, купувачите, конкуренцијата или деловните партнери на „Макпетрол" А.Д. создава потенцијален судир на интереси;

- Доставете ги релевантните факти до Вашиот директор во писмена форма и објаснете ги околностите што може да креираат судир на интереси;

- Не дозволувајте, ниту Вие ниту кој било кој работи во Вашето одделение, да донесете одлуки што може да креираат судир на интереси со Вашите лични интереси.

**НИКОГАШ**

- Не злоупотребувајте ја својата позиција во „Макпетрол" А.Д. или доверливите информации што ги имате добиено за реализирање на сопствените

интереси;

- Избегнувајте ситуации во кои вашите лични интереси се во судир со интересите на Друштвото.

- Не дозволувајте Вашите односи со добавувачите или со договорните страни да имаат влијание врз носењето одлуки во името на „Макпетрол” А.Д.

## 4.3 АНТИМОНОПОЛ И КОНКУРЕНЦИЈА

„Макпетрол” А.Д. доследно ги почитува и се залага за почитување на правилата на слободната конкуренција и законите што ја промовираат и ја заштитуваат слободната конкуренција.

Во „Макпетрол“ А.Д ги почитуваме нашите конкуренти затоа што тоа дава најдобар поттик за ефикасност, не учествуваме во какви било нефер дејствија што би можело незаконски да и наштетат на добрата волја или на угледот на конкурентот, а ние собираме информации за конкуренција строго во согласност со закон.

Практиките кои ја нарушуваат пазарната конкуренција се неприфатливи и ние не ги толерираме.

Законот за заштита на конкуренција забранува голем број практики кои ја ограничуваат слободната и фер пазарна конкуренција како што се забранетите договори помеѓу конкуренти или одлуки и штетни дејствија/однесувања насочени кон постигнување или одржување на монопол.

Ние не ја злоупотребуваме нашата позиција на пазарот и работиме напорно за да создадеме еднакви услови за игра за сите наши деловни партнери.

Во „Макпетрол“ А.Д. соработуваме со нашите конкуренти само во спроведувањето на заедничките општествени и еколошки одговорности и бараме начини на кои можеме да ја изразиме нашата посветеност на етиката.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Советувајте се од правен аспект пред да дискутирате за цените, купувачите, добавувачите, со кој било надвор од „Макпетрол” А.Д.;

- Бидете сигурни дека одлуките за цените и купувачите се донесени од „Макпетрол” А.Д.;

- Осигурајте се дека одлуките за тоа каде „Макпетрол” А.Д. ќе конкурира за дадена работа се донесени во рамките на овластувањата на „Макпетрол” А.Д.;

- Бидете сигурни дека имате легитимно овластување и законска основа за каква било дискусија со конкуренцијата, со добавувачите и со други.

**НИКОГАШ**

- Не давајте, директно или индиректно, информации поврзани со цени на конкуренцијата, доколку конкурентот не е Ваш купувач или добавувач;

- Не споделувајте со конкуренцијата на „Макпетрол" А.Д. директно или индиректно информации од кој било аспект поврзан со цените, услови на продажба, маркетинг планови и стратегии, идни планови за проширување, и какви било чувствителни и доверливи информации важни за бизнисот;

- Не дискутирајте ги потребите за рационализација или за редуцирање на дополнителна набавка на пазарот со никој надвор од „Макпетрол";
-
- Не дискутирајте со конкуренцијата во однос на тоа со кои добавувачи, купувачи или поддобавувачи ќе работи или работи „Макпетрол" А.Д.

## 4.4 ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Перењето пари е процесот со кој поединци или правни лица настојуваат да ги прикријат незаконските фондови (капитал), или поконкретно да ги направат истите легитимни.

„Макпетрол" А.Д. не го поддржува и не го потпомага перењето пари и во рамките на своето дејствување ги почитува и се придржува на законските регулативи за спречување перење пари и финансирање тероризам и ги поддржува сите преземени законски мерки во однос на тоа.

Основни правила што мора да ги почитувате

**СЕКОГАШ**

- Оценете го интегритетот на потенцијалниот купувач и другите деловни партнери;

- Контактирајте со купувачите за нашите барања за согласност од нив;

- Не влегувајте во деловен потфат со кој било купувач или партнер кој се сомнева во погрешно работење на нашата компанија;

- Бидете свесни дека Вие имате обврска да ги идентификувате и да известите за сомнителни трансакции или инциденти поврзани со перењето пари.

**НИКОГАШ**

- Не учествувајте во постапки што се криминални и незаконски;

- Немојте самите да испитувате каков и да е случај на перење пари;

- Не објавувајте го Вашето сомневање на другите партнери вклучени во трансакцијата.

# 5 ВЛАДАТА И ЗАЕДНИЦАТА

Целта на нашето работење е земјата во која работиме, како и заедницата во целост, да имаат соодветен бенефит од истото.

Нашето работење е насочено кон постојани подобрувања што се мерливи и преку кои придонесуваме за реален и за независен раст на заедницата каде што работиме.

Ние работиме со Владата на конструктивен начин и не учествуваме во активностите на политичките партии.

„Макпетрол" А.Д. постојано одржува конструктивна и продуктивна врска со сите видови медиуми.

## 5.1 ПОТКУП И КОРУПЦИЈА

„Макпетрол" А.Д. има јасен став во однос на примањето поткуп и корупција, а тоа е дека вработените не смеат да даваат или да примаат поткуп. Директно или индиректно понудување, плаќање, барање или прифаќање поткуп во која и да е форма од страна на вработените е неприфатливо.

„Макпетрол" А.Д. ја промовира својата политика за неприфаќање поткуп и корупција помеѓу своите бизнис партнери.

„Макпетрол" А.Д. работи, во согласност со позитивната национална и меѓународна законска регулатива што ја третира дадената проблематика.

Ние не се вовлекуваме во постапките на давањето поткуп или корупција во каква било форма.

Корупцијата е непријател на развојот и на човечкиот прогрес, па поради тоа „Макпетрол" А.Д. го заснова целокупното работење врз транспарентност.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Бидете внимателни кога давате или кога добивате подароци или гостопримства од официјални владини претставници или од други деловни партнери;

- Бидете задоволни самите Вие со Вашиот статус на неподмитливост и обезбедете секој извршител да го разбере ставот на „Макпетрол" А.Д. во однос на примањето поткуп;

- Известете го Вашиот претпоставен за каков било вид коруптивно однесување, без разлика дали е во рамките на Компанијата или во работата со трета страна.

**НИКОГАШ**

- Не нудете или не извршувајте неовластено плаќање или не одобрувајте го неправилното плаќање на кое и да е правно и физичко лице;

- Не нудете или не примајте пари или која било друга вредност, подарок, со цел да се добие некој бизнис или да склучите договор;

- Не основајте неевидентирани фондови за која било цел;

- Не поттикнувајте ја локалната или централната власт да направи нешто што е незаконски;

- Не правете никаква активност што може да поттикнува или да му потпомага на кого било да ги крши овие правила.

## 5.2 ОБВРСКИ КОН ОПШТЕСТВОТО

„Макпетрол" А.Д. секогаш настојува да работи на отворен и на транспарентен начин, преку континуирана консултација со претставниците на општеството и на граѓанските асоцијации што имаат легитимен интерес за нашето работење.

Во согласност со барањата на купувачите, деловните партнери, вработените и останатите засегнати лица, „Макпетрол" АД континуирано настојува да ги подобри работните процеси, квалитетот на понудите и услугите.

„Макпетрол" А.Д. во преден план ги поставува транспарентноста, разбирливоста и достапноста на нашите понуди и услуги.

Во соработката со заедницата, особено сме посветени да се соочиме со општествените предизвици, при што особено внимание посветуваме на грижата за животната средина, здравјето и за безбедноста на вработените.

„Макпетрол" А.Д. ги поддржува вработените во учество на активности што се насочени кон развојот на општеството во кое работат.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Работете во согласност со позитивната национална и меѓународна законска регулатива;

- Почитувајте ги културата и различностите на купувачите со кои работите,

како во земјата така и во странство (доколку тие не се во конфликт со принципите на овој кодекс).

## 5.3 КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

Комуникацијата со надворешниот аудиториум бара внимателна оцена и унифицирано разбирање на законските и медиумските аспекти, па поради тоа оваа работа смеат да ја извршуваат само вработените кои имаат соодветно овластување за тоа.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Доколку претставниците на печатените или електронските медиуми бараат да разговараат со Вас за работи што се однесуваат на Компанијата, упатете ги до одговорното лице за односи со јавноста;

- Секогаш известувајте го одговорното лице за односи со јавноста за барањата на медиумите, на транспарентен и недвосмислен начин.

**НИКОГАШ**

- Без претходна согласност од претпоставените и без претходна консултација со одговорното лице за односи со јавноста, не давајте изјави за печатените и за електронските медиуми поврзани со работата на Компанијата.

## 5.4 СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ

Заради заштитата на имиџот и на репутацијата на Компанијата, од вработените во „Макпетрол“ А.Д. се бара соодветно користење на социјалните медиуми, професионално и приватно, затоа што и кога приватно ги користат, мора да се запомни дека ваквата активност понекогаш може да се припише на Компанијата и негативно да влијае на имиџот.

Поради тоа, вработените во „Макпетрол” А.Д. мора одговорно да ги користат социјалните медиуми.

Покрај тоа, само назначени лица се овластени да комуницираат во име на „Макпетрол” А.Д. и да изнесуваат ставови за нашата Компанија на социјалните медиуми.

Овие медиуми ги вклучуваат сите средства на дигитална комуникација, на кои корисниците споделуваат содржини или разменуваат и споделуваат коментари во врска со објавата.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Имајте на ум дека задолжен за водење комуникација на социјалните мрежи е лице кое има овластување за тоа,
- Користете ги Вашите социјални мрежи за Ваши лични цели, на одговорен начин;

Пренесете ги барањата од медиумите до Секторот за маркетинг

**НИКОГАШ**

- Не споделувајте доверливи информации за работењето на Компанијата.

- Не коментирајте и не дискутирајте содржини за активности на Друштвото или конкуренцијата, објавени од трети страни или од општата јавност.

## 5.5 ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ

„Макпетрол" А.Д., како компанија, има единствен пристап кон политичките активности, а тоа е :

- Компанијата нема да партиципира директно во политичките активности на ниту една партија;

- Компанијата нема да дава политичка поддршка во кој и да е облик.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Кога влегувате лично во политички активности, јасно ставете до знаење дека Вие зборувате во свое име, а не во името на „Макпетрол" А.Д.;

- Имајте ја предвид репутацијата на „Макпетрол" А.Д. и како јавноста ќе ги перцепира Вашите активности, кога работите за политичката партија и за владините тела.

**НИКОГАШ**

- Не користете го работното време, просториите или средствата на „Макпетрол" А.Д. за вршење или за поддршка на Вашите лични политички активности.

# 6 ИМОТ НА КОМПАНИЈАТА И ФИНАНСИСКИ ИНТЕГРИТЕТ

Наша одговорност е да го заштитиме целокупниот имот на „Макпетрол" А.Д. во кој, покрај подвижниот и недвижниот имот, влегуваат и правата од индустриска сопственост и авторските права, како и вкупните парични фондови, односно целокупната актива и пасива на Компанијата, а со цел да ги зачуваме нивните вредности.

Кој и да е вид незаконско работење кое штети на имотот на Компанијата, нема да се толерира.

## 6.1 ТОЧНИ И КОМПЛЕТНИ ПОДАТОЦИ, ЗАПИСИ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И КНИГОВОДСТВО

Во деловните активности мора да сме транспарентни и отворени, да сме прецизни во записите и извештаите и објективно да известуваме за вистинитоста на податоците и резултатите, затоа што точноста на информациите што се објавуваат е од суштинско значење за корпоративното управување на Компанијата и за задржување на довербата на инвеститорите.

Основни правила што Вие мора да ги почитувате

**СЕКОГАШ**

- Бидете сигурни дека сите трансакции се соодветно одобрени и точни и дека за истите постои комплетна евиденција;

- Бидете сигурни дека сте добиле одобрување од лицата кои имаат овластување да ги одобрат соодветните трансакции;

- Чувајте ги и правилно управувајте со деталните и со точните записи на одобрените трансакции;

- Соработувајте во целост со луѓето кои вршат интерна или екстерна контрола, поврзана со соодветните барања, преку обезбедување соодветна документација и објаснување на секоја нејаснотија околу дадена трансакција и, на нивно барање, дозволете им неограничен пристап до персоналот и документите;

- Известувајте точно за која било нерегуларност или пропуст во врска со

екстерната или интерната контрола, како и за утврдените нерегуларности во извештајот.

**НИКОГАШ**

- Не помислувајте да внесете лажни податоци во записите, извештаите или во приказот на бараните трошоци; Фалсификувањето или креирањето неточни информации претставува кривично дело.
- Не фалсификувајте каков и да е запис, без разлика дали се однесува за финансиското работење или не;
- Не продавајте, не вршете трансфер и не располагајте со имотот на Компанијата без соодветна документација и одобрување;
- Не вршете притисок врз другите да прават нешто што може да ги компромитира интегритетот на финансиските записи или извештаи на „Макпетрол” А.Д.;
- Не отстранувајте ги или не уништувајте ги записите пред дефинираниот датум без да добиете одобрување од овластените лица.

## 6.2 ЗАШТИТА НА ИМОТОТ НА „МАКПЕТРОЛ” А.Д.

Сите вработени се одговорни да обезбедат заштита на имотот на „Макпетрол” А.Д , затоа што губењето, кражбата или несоодветното користење на имотот на Компанијата сигурно, порано или подоцна, ќе влијае врз профитабилноста и врз успешноста на бизнисот. Заштитата на имотот на Компанијата дадена од секој од нас е работа на интегритет и чесност.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Користете го имотот на „Макпетрол” А.Д. според намената и исклучиво за исполнување на работните обврски за Компанијата;

- Преземајте мерки за заштита на имотот на „Макпетрол” А.Д. од: оштетување, губење или злоупотреба;

- Добијте претходна соодветна дозвола за користење на имотот на „Макпетрол” А.Д., доколку е побарано да се добие;

- Усогласете се со специфичните рестрикции што се однесуваат на користењето и на трансферот на определени делови на имотот на „Макпетрол” А.Д.;

- Следете ги одобрените упатства и процедури за користењето на имотот на

„Макпетрол” А.Д. во случај на работа лично и со трета страна.

**НИКОГАШ**

- Не уништувајте го имотот на „Макпетрол” А.Д.;

- Не користете го имотот на „Макпетрол” А.Д. за остварување на сопствени цели и профит;

## 6.3 ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ, АВТОРСКИТЕ ПРАВА И ДОВЕРЛИВИТЕ ИНФОРМАЦИИ

Вработените во „Макпетрол” А.Д. мора да посветат соодветно внимание на креирањето, заштитата и користењето на правата од индустриска сопственост, авторски права на „Макпетрол” А.Д. и на доверливите информации и да се воздржуваат од нивно прекршување.

Правата на индустриска сопственост и авторските права, деловни тајни, бизнис- планови, развој на нови производи, финансиски извештаи, досиеја на вработени, know-how, се дел од доверливите информации на кои мораме да им пристапиме со внимание и да ги третираме како деловна тајна, а заради заштита од конкуренција.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Бидете сигурни дека ја познавате стратегијата на правата од индустриска сопственост за Вашата работа и дејствувајте во согласност со истата;

- Известете ја Дирекцијата за правни работи веднаш штом ќе добиете информација дека трета страна неовластено ги користи правата од индустриска сопственост на „Макпетрол” А.Д.;

- Копирајте документи и материјали што не се заштитени со авторски права доколку имате посебна дозвола за да го направите тоа.

- Секогаш обработувајте ги доверливите теми со големо внимание, при престој во надворешна средина (воз, авион, ресторан, конференција и сл.)

- Пријавете каква било ситуација која навестува дека постои можност од компромитирање на заштитата на доверливоста или на чувствителноста на информациите.

**НИКОГАШ**

- Не давајте доверливи информации, вклучувајќи ги и компјутерските записи, на надворешни лица;

- Не иницирајте дискусија со трета страна за каков било договор што се однесува на правата на индустриска сопственост, без претходни консултации со Дирекцијата за правни работи.

## 6.4 ИНСАЈДЕРСКО РАБОТЕЊЕ

„Макпетрол" А.Д. секогаш го поддржува отворениот и безбеден Пазар на хартии од вредност што работи врз основа на позитивната законска регулатива.

Поради тоа, на сите вработени им е забрането да тргуваат со акции или со други хартии од вредност, било да се на „Макпетрол" А.Д. или на друга компанија со која „Макпетрол" А.Д. е во врска, врз база на инсајдерски информации.

Инсајдерски информации се информации што се однесуваат на работењето на определена компанија, кои не се достапни на јавноста, а за кои постои можност значително да влијаат врз пазарната вредност на акциите, заради што истите може да придонесат во одлуката на потенцијалните инвеститори да купуваат, продаваат или да ги чуваат акциите или хартиите од вредност на таа компанија.

Инсајдерските информации може да содржат доверливи информации за: воведување нови производи, склучување нови договори, промена во дивидендата, очекувани владини акции и др.

Основни правила што мора да ги почитувате:

**СЕКОГАШ**

- Да се придржувате кон законите и правилата кои важат за инсајдерската трговија, без оглед на Вашата позиција во Друштвото;

- Заштитувајте ги инсајдерските информации од можно откривање.

- Обелоденете ги доверливите информации исклучиво на лицата кои мораат да ги знаат.

- Бидете сигурни дека третите страни ја чуваат доверливоста на информациите кои им ги даваме, особено преку имплементирање на обврски или клаузули за доверливост.

- Да ја чуваме доверливоста на информациите кои сме ги добиле од трети страни

**НИКОГАШ**

- Не купувајте или не продавајте акции или хартии од вредност на „Макпетрол” А.Д. или на друга компанија, врз основа на инсајдерски информации;

- Без претходно одобрение, не откривајте ги инсајдерските информации на кого и да е надвор од Компанијата, вклучувајќи ги членовите на семејството;

- Не ширете неточни информации или не влегувајте во други активности со цел манипулирање со цената на јавно објавените акции или хартии од вредност.

# 7 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување од Надзорниот одбор.

Текстот на Кодексот е достапен на интернет-страницата на Друштвото и на интернет-порталот на Друштвото, за интерните акти.

**„МАКПЕТРОЛ" А.Д. - СКОПЈЕ**
**Надзорен одбор**
**Претседател**

**Александар Спасовски**

Оваа верзија на Етичкиот Кодекс на Макпетрол АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истиот. Официјалната верзија на Етичкиот Кодекс се чува во седиштето на Макпетрол АД Скопје

МАКПЕТРОЛ

# ЕТИЧКИ КОДЕКС | НА МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ

**Телефон**
+389 2 311 2144

**e-mail**
contact@makpetrol.com.mk

**Адреса**
Макпетрол АД – Скопје (Управна зграда,
Св. Кирил и Методиј 4, 1000 Скопје